# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 15.Март 2004 година<br>Службен гласник број 2<br>Овој примерок чини 150 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп 300020000209652<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА КУЛТУРЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Решението за усвојување на Стратегијата за културен развој на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 66/2003 - пречистен текст), член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и членовите 14 став 1 точка 5 и 26 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Стратегијата за културен развој на Општина Прилеп

1.Се усвојува Стратегијата за културен развој на Општина Прилеп донесена од Креативниот културен борд на Општина Прилеп.

2.Решението да се достави до Креативниот културен борд на Општина Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во ("Службен гласник на Општина Прилеп'

Број 07 - 302/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за изменување на Одлуката за основање на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 4-а, 9 и 10 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96 и 6/2002), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), , Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за изменување на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие "Водовод и канализација" Прилеп

Член 1

Во Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие "Водовод и канализација" Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 10/2003), во членот 16 став 1 зборовите: " 60 дена" се заменуваат со зборовите: "120 дена".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 302/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 година на Советот на Општина
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА НА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА "БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП**

1. Одлуката превземање на основачките права на Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.3.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 94 од Законот за култура (пречистен текст) ("Службен весник на РМ" бр. 66/2003), член 36 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за преземање на основачките права на Градската библиотека "Борка Талески" - Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука, се преземаат основачките права и се утврдува како општинска установа Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп.

Член 2

Установата од претходниот член на оваа Одлука, продолжува да работи како национална установа, до потпишувањето на договор помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на Општина Прилеп, за пренесување на основачките права.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила, наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 302/4 ПЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2004 ГОДИНА**

1. Програма на активности на Советот за заштита на потрошувачите при Советот на Општина Прилеп за 2004 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – _316/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 56 од Законот за локална самоуправа (Службен весник број 5/2000), Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник број 6/2003) и Одлуката за формирање на Совет за заштита на потрошувачите (Службен гласник број 5/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 10.03.2004 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО 2004 ГОДИНА**

**I. ОПШТ ДЕЛ**

Основните потрошувачки права, усвоени како насока од страна на Генералното собрание на Оргнизацијата на Обединетите нации во 1985 година, промовирани од страна на меѓународната организациоја за заштита на потрошувачите Цонсумерс Интернатионал, се:

-Задоволување на основните потреби;
- достапност на најнужните производи и услуги;
- Безбедност на производите и услугите;
– Информираност;
– Избор;
– Да бидат земени во предвид интересите на потрошувачите;
– Надомест на штета;
– Образование на потрошувачите;
– Да се живее во здрава животна средина.

Организацијата на потрошувачите на Македонија е меѓународно активна како полноправна членка на Светската организација на потрошувачи (Цонсумерс Интернатионал) и Европската организација за заштита на потрошувачите – ЕБУЦ и има огромна одговорност пред нашата јавност и граѓаните.

Во Република Македонија, по иницијатива на Организацијата на потрошувачите на Македонија и во соработка со Министерството за економија е донесен Законот за заштита на потрошувачите во 2000 година, а измените на истиот во 2002 година.

Со донесувањето на новиот Закон за локална самоуправа 5/2002 година, со членот 56 е воведено ново тело – Совет за заштита на потрошувачите кое ги разгледува прашањата и ги утврдува предлозите кои се однесуваат на квалитеот на услугите на јавните служби и на јавните претпријатија во општината.

Со потпишување на спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската заедница во членот 97 – Заштита на потрошувачи, Република Македонија се обврзува дека ќе соработува со цел да ги усогласат стандардите за заштита на потрошувачите со оние на Европската заедница. За таа цел почната е расправа за донесување на нов Закон за заштита на потрошувачите. Тоа е можност и одредбите од Законот за локална самоуправа да се усогласат со Законот за заштита на потрошувачите.

**II. ЦЕЛИ**

1.Советот за заштита на правата на потрошувачите ќе се грижи за заштитата и остварувањето на правата на потрошувачите во однос на заштитата на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивното редовно информирање во однос на остварување на нивните права.

2.Советот за заштита на правата на потрошувачите посебно ќе се залага за заштита на основните права на потрошувачите, а особено на нивниот економски интерес, а тоа ќе го остварува преку:

- Почитување на добрите деловни обичаи, совесност и чесност;
- Едукација на потрошувачите заради остварување на нивните права, а особено правото на жалба и обештетување:
- Општа безбедност на производите и услугите;
- Промоција и помош на развојот на невладините организации;
- Решавање на одредени проблеми што граѓаните ги имаат при користењето на услугите од страна на јавните претпријатија, а посебно на Комуналното претпријатие;
- Приближување на Законот за заштита на потрошувачите до граѓаните на Општина Прилеп преку јавни трибини, тркалезни маси во соработка и со други НВО-и во Општината;
- Запознавање на граѓаните со европското законодавство за заштита на потрошувачите;
- Решавање по одредени проблеми што граѓаните ги имаат при користење на услуги од страна на јавните претпријатија;

- Унапредување на односот на шалтерските работници во Општината спрема граѓаните;
- Унифицирање на формуларите за добивање на градежна дозвола во Општината;
- Проблеми на снабдување на различен асортиман на производи на пазарот;
- Градскиот и такси превозот и проблемите на граѓаните согледан преку едукација и воспоставување на систем на контрола за повисок хигиенскистандард и подобра услуга;
- Поставување во функција на дежурен телефон на општинската канцеларија за правни и други совети и со помош на експерти на Организацијата на потрошувачите на Македонија;

1.Советот посебно внимание и обврска ќе и посвети на Програмата за заштита на потрошувачите во доменот на состојбите и работата на комуналните и услужните претпријатија, односно како се пружа и дава услугата према граѓаните во остварувањето на нивните секојдневни потреби и права.

Посебно со снабдувањето со вода, хигиената (подигањето на сметот), уличното осветлување, редовното читање на водомерите, такси услугата, снабденоста со лебот и неговиот квалитет, како и други витални прашања за здравјето и животот на граѓаните.

**III. АКТИВНОСТИ**

Советот за заштита на потрошувачите на Општина Прилеп посебно ќе ги разгледува следните прашања:

1. Одбележување на денот на потрошувачите 15 март;

Тема: примена на членот 56 од Законот за локална самоуправа и европското законодавство за заштита на потрошувачите.

Образложение: во организација на Организацијата на потрошувачите на Македонија и Советот на Европа.

Рок: 15 март 2004.

1.Кампања за заштита на потрошувачите на Градскиот пазар;

Тема: “Проверете си што носите дома”.

Образложение: поставување на контролни ваги при излезот на пазарот во организација на ЈКП “Комуналец” – РЕ “Пазари”, Пазарна инспекција и РТВ Прилеп со изработка на плакат, леток и спот на кампањата.

Рок: Во текот на целата година.

1.Следење на состојбата на квалитетот со водата за пиење;

Тема: “Информирајте ги корисниците со квалитетот на водата”.

Образложение: Заводот за здравствена заштита заедно согласно Програмата за превентивна здравствена заштита во Република Македонија 4 (четири) пати во годината го проверува квалитетот на водата за пиење.

Рок: Во текот на целата година, односно секое тромесечие.

Носители: Завод за здравствена заштита, Санитарна инспекција и ЈП "Водовод и канализација".

3.Проверка на исправноста на водомерите и исправноста на сметките за вода;

Тема: “Дали вашите сметки за потрошена вода се исправни?”.

Образложение: ЈКП “Водовод и канализација” покриено со медиумска кампања со РТВ Прилеп да отвори канцеларија – сервис каде граѓаните ќе ги пријавуваат своите неисправни водомери и каде ќе се врши корекција на сметките за вода.

Рок: Во текот на целата година.

4.Кампања за исправноста на вршителите на услугите во јавниот превоз.

Тема: “Дали се качувате во технички исправно возило?”.

Образложение: Кампања за отстранување на технички неисправни возила кои превезуваат патници со цел на спречување на несакани последици и загадување на човековата средина во која ќе се вклучат сообраќајниот општински инспекторат, државниот еколошки инспекторат, Заводот за задравствена заштита на Општина Прилеп покриено со медиумска кампања со РТВ Прилеп.

Рок: Во текот на целата година.
Извршител: Сообраќајна инспекција.

**I.ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Извршители на програмата е Советот за заштита на потрошувачите како носители на активностите. При спроведување на оваа Програма со свој активности ќе замат и :

- Организацијата на потошувачите на Македонија;
- Јавното комунално претпријатие "Комуналец" – Прилеп;
- Јавното комунално претпријатие "Водовод и канализација" – Прилеп;
- Заводот за Здраствена заштита – Прилеп;
- Комуналниот општински инспекторат;
- Сообраќаен општински инспекторат;
- Државниот еколошки инспектор;
- Подрачната единица за Транспорт и врски – Прилеп;
- Државниот пазарен инспектор.
- Радио и телевизија Прилеп.

**IV. НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА**

Надзор на извршување на програмата на Советот за заштита на потрошувачите врши Советот на Општина Прилеп.

**I.ФИНАСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА**

Активностите на Советот за заштита на потрошувачите, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата од Буџетот на Општина Прилеп за 2004 година.

При реализирање на Програмата за подржување на активностите ќе се користат финансиски срества и друга помош од :

- Јавното комунално претпријатие "Комуналец" – Прилеп;
- Јавното комунално претпријатие "Водовод и канализација" – Прилеп;
- Трговски друштва, фондации и други правни и физички лица;
- Заентересирани партнери за меѓусебна соработка во замјата и странство;
- Други извори.

**III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина прилеп се грижи за спроведувањето на оваа Програма.

Советот за заштита на потрошувачите ги спроведува активностите со остварување на нејзините цели и активности и поднесува годишен извештај за спроведените активности до Советот на Општина Прилеп.

Советот за заштита на потрошувачите на Општина Прилеп во текот ана реализирањето на Програмата, ќе ја надополнува и проширува во согласност со актуелните проблеми, прашања и состојби.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 302/6                ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 год.     на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п                 Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈРП НА ЛОКАЛНО НИВО ЦЕНТАР ЗА ПЕЧАТ, РАДИО И ТЕЛЕВИЗИЈА ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутот на ЈРП на локално ниво Центар за печат, радио и телевизија Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/6          ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 год.           на Општина Прилеп
П р и л е п               Сашо Пирганоски

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 43 точка 40 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.3/96 и 2/97), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво "Центар за печат, радио и телевизија" Прилеп

1. Се дава согласност на Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво "Центар за печат, радио и телевизија" - Прилеп

2.Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 302/7             ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 год.    на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п              Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈРП НА ЛОКАЛНО НИВО ЦЕНТАР ЗА ПЕЧАТ, РАДИО И ТЕЛЕВИЗИЈА ПРИЛЕП**

1. Решението за изменување на Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈРП на локално ниво Центар за печат, радио и телевизија Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".                ПРЕТСЕ

Број 08 – 316/7        ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 год.         на Општина Прилеп                Борис Р
П р и л е п             Сашо Пирганоски

Врз основа на член 9, а во врска со член 92 од Законот за радиодифузна дејност ("Службен весник на РМ" бр.20/97), член 29 од Законот за основање на јавното претпријатие Македонска радио телевизија ("Службен весник на РМ' бр.6/98), член 22 став 1 точка 13 и член 36 став 1 точка 4 и 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр 6/2003) Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 10.03.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за изменување на Решението за именување членови на Управен одбор на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво"Центар за печат, радио и телевизија - Прилеп"

1. Во Решението за именување на членови на Управниот одбор на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво "Центар за печат, радио и телевизија - Прилеп" ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 9/2002 и 9/2003) во точка 2 алинеата 1 на местото од:

"- Тошо Биноски" да стои:

" Зоран Бонески, раководител на Биро за вработување

2. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

3. Решението да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп, именуваните, Јавното радиодифузно претпријатие "Центар за печат, радио и телевизија" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 – 302/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "ДОБРЕ ЈОВАНОСКИ"**

1. Решение за делегирање претставници во Училишниот одбор на ОУ "Добре Јованоски", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 год. на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 109 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 52/2002) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за делегирање членови во Училишниот одбор на ОУ "Добре Јованоски" - Прилеп

1.Со ова Решение се делегираат членови во Училишниот одбор на ОУ "Добре Јованоски" Прилеп.

2. За членови во Училишниот одбор, претставници на Општината, се именуваат:

- САМИ ЈАШАРОСКИ - Центар за социјални грижи,
- КЕТИ СМИЛЕСКА, дипл.економ., невработена

Мандатот на членовите трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето.

4. Решението да се достави до именуваните, Основното училиште, градоначалникот и архивата на општина Прилеп.

5 .Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 302/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "КИРЕ ГАВРИЛОСКИ - ЈАНЕ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за делегирање претставници во Училишниот одбор на ОУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.004 год. на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 109 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 52/2002) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за делегирање членови во Училишниот одбор на ОУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп

1.Со ова Решение се делегираат членови во Училишниот одбор на ОУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп.

2. За членови во Училишниот одбор, претставници на Општината, се именуваат:

- АЦО ДИМОСКИ, маш.инг.

- ДЕЈАН ЗДРАВЕСКИ, Економски факултет-Прилеп
Мандатот на членовите трае 4 години.
3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето.
4. Решението да се достави до именуваните, Основното училиште, градоначалникот и архивата на општина Прилеп.
5 .Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 302/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "РАМПО ЛЕВКАТА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за делегирање претставници во Училишниот одбор на ОУ "Рампо Левката" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 год. на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 109 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 52/2002) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за делегирање членови во Училишниот одбор на ОУ "Рампо Левката" - Прилеп

1.Со ова Решение се делегираат членови во Училишниот одбор на ОУ "Рампо Левката" - Прилеп.
2. За членови во Училишниот одбор, претставници на Општината, се именуваат:
- БИЉАНА МАРКОСКА,дипл.екон. Микросам,
- ЗЛАТКО МАНЕСКИ, "Селечка" бр. 1
Мандатот на членовите трае 4 години.
3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето.
4. Решението да се достави до именуваните, Основното училиште, градоначалникот и архивата на општина Прилеп.
5 .Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 302/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "КОЧО РАЦИН" - ПРИЛЕП**

1. Решението за изменување на Решението за делегирање членови на Училишниот Одбор на ОУ "Кочо Рацин" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 год. на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 109 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 52/2002) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за изменување на Решението за делегирање членови во Училишниот одбор на ОУ "Кочо Рацин" - Прилеп

1. Во Решението за делегирање членови во Училишниот одбор на ОУ "Кочо Рацин" - Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 1/2004) во точка 2 алинеа 1 наместо зборовите: "Гордана Дамеска" да стои: "Драгица Макреска", сообраќаен инспектор - Општина Прилеп.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето.
3. Решението да се достави до именуваните, Основното училиште, градоначалникот и архивата на општина Прилеп.
4. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 302/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПИШУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ПОРАДИ ЗАКОНСКА ЗАСТАРЕНОСТ**

1. Одлуката за отпишување на средства поради законска застареност, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 316/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2004 год. на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.03.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за отпишување на средства поради законска застареност

Член 1

Поради законска застареност на побарувањата од Фирми спрема кои Единицата на Локална Самоуправа-Прилеп има предплата повеќе години, се врши отпишување на побарувањата од фирмите:

1. Сувенир самоков 7.325,оо ден.
2. Национал - Скопје 16.321,оо ден.
3. Феник Книговодство - Скопје 2.050,оо ден.
4. Доајен Дата систем 23.028,оо ден.
5. Нова Македонија - Скопје 5.759,оо ден.
6. Растер Печатница - Прилеп 10.000,оо ден.
7. Стопански весник 1.200,оо ден.
8. Мостови љубители на германски јазик 5.000,оо ден.
9. Кардинал 3.000,оо ден.
10. Југо реклам-Скопје 67.444,оо ден.
11. Јустиција 600,оо ден.
12. Космос 2.500,оо ден.
13. Еуропатент 4.068,оо ден.
14. Драга 12.000,оо ден.
15. Друштво на Архитекти Битола 3.000,оо ден.
16. Вила зора 400,оо ден.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Член 3

Одлуката да се достави до Градоначалникот, сметководството и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 302/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

---

**АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/2001 и 45/2002, член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002 и член 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**

**за организирање на стручна расправа по нацрт планот за измени и дополнувања на генерален урбанистички план за град прилеп, за Урбан блок 6 со граници: ул."марксова", УЛ."тризла", ул. "мице козар" и ул."11 октомври"**

Член 1

Со оваа Одлука се организира Стручна расправа по Нацрт планот за измени и дополнувања на Генерален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 6 со граници: ул."Марксова", ул."тризла", ул."Мице Козар" и ул."11 Октомври".

Член 2

Поканите за стручната расправа ќе бидат доставени до сите релевантни фактори: ЈП ПУП Скопје, МТВ - ПЕ Прилеп, ЈКП "Комуналец" - Прилеп, ЕСМ - ПЕ Прилеп, Македонски телекумуникации Прилеп, МТВ инспектор по патишта Прилеп и Фонд за локални патишта и улици на Општина Прилеп.

Член 3

Стручната расправа ќе се одржи на ден 12.02.2004 година (четврток) со почеток во 14,оо часот во канцеларијата на Главниот архитект на град Прилеп.

Член 4

Нацрт планот за измени и дополнувања на Генерален урбанистички план за град Прилеп за Урбан блок 6 со граници: ул."Марксова", ул."Тризла", ул."Мице Козар" и ул."11 Октомври", ќе биде доставен и разгледан на Стручната расправа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 03 - 155/1 ОПШТИНА ПРИЛЕП
09.02.2004 година ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИК
Сашо Пирганоски

**С О Д Р Ж И Н А**

на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 2 од 15.03.2004 година

1.Решение за усвојување на Стратегијата за културен развој на Општина Прилеп.......................................................................................................... Стр. 1

2. Одлука за изменување на Одлуката за основање на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп................................................................................ Стр. 2

3. Одлука за превземање на основачките права на Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп. ...................................................................... Стр. 2

4. Програма на активности на Советот за заштита на потрошувачите при Советот на Општина Прилеп за 2004 година. ....................................... Стр. 3

5. Решение за давање согласност на Статутот на ЈРП на локално ниво Центар за печат, радио и телевизија Прилеп...............................................Стр. 5

6. Решение за изменување на Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈРП на локално ниво Центар за печат, радио и телевизија Прилеп...........................................................................................................Стр. 6

7. Решение за делегирање претставници во Училишниот одбор на ОУ "Добре Јованоски"........................................................................................... Стр. 6

8. Решение за делегирање претставници во Училишниот одбор на ОУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп............................................... ....... Стр. 6

9. Решение за делегирање претставници во Училишниот одбор на ОУ "Рампо Левката" - Прилеп.......................................................................... Стр. 6

10. Решение за изменување на Решението за делегирање членови на Училишниот Одбор на ОУ "Кочо Рацин" - Прилеп...............................Стр. 6

11. Одлука за отпишување на средства поради законска застареност, со цел да бидат објавени во “Службен гласник на Општина Прилеп”............. Стр. 7

**АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

12. О длука за организирање на стручна расправа по нацрт планот за измени и дополнувања на генерален урбанистички план за град прилеп, за Урбан блок 6 со граници: ул."Марксова", ул."Тризла", ул."Мице Козар" и л"11Октомври" ..........................................................................................................Стр. 7

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Служба за стручни и административни работи. Тираж: 50 примероци.